**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-4820/2
14. 11. 2023 20
СКОПЈЕ-SHKUP

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 02/05) и член 46 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.32/20 и 111/23), а во врска со точка 4.5 од Јавниот оглас за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје број 08-4820 од 11.05.2023 година, Градоначалникот на Град Скопје донесе:

**РЕШЕНИЕ**
**за поништување на Јавен оглас**

1. Јавниот оглас за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје број 08-4820 од 11.05.2023 година СЕ ПОНИШТУВА.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Градоначалникот на Град Скопје врз основа на член 46 од Законот за урбанистичко планирање и член 3 од Деловникот за работа на Партиципативното тело од областа на урбанизмот на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје" број 7/22), на ден 11.05.2023 година објави Јавен оглас број 08-4820 за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје.

Со Јавниот оглас меѓу другото, во точка 4 уредена е постапката за спроведување на огласот, според која Јавниот оглас за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам го спроведува Комисијата за верификација, мандатни прашања, за признанија, преставки и поплаки при Советот на Град Скопје (Комисија за спроведување на јавниот оглас).

Од седниците на Комисијата за спроведување на Јавниот оглас, видно е дека Комисијата во рок од 5 работни дена по завршувањето на Јавниот оглас врз основа на поднесените документи на лицата кои аплицирале, не утврдила предлог за избор на членови во Партиципативното тело за урбанизам, кој предлог во рок од 5 дена по неговото утврдување, не е доставен до Претседателот на Советот на Град Скопје, во форма на предлог одлука, при што Советот на Град Скопје на предлог на Комисијата, би донел Одлука за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам на Град Скопје.

Во ситуација кога не е утврден предлог за избор на членови на Партиципативно тело за урбанизам во дадениот рок, а со тоа и не доставен предлог до Претседателот на Советот во рокот од потточка 4.3, Јавниот оглас согласно потточка 4.5 се поништува.

Врз основа на напред изнесеното, а согласно член 50 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 02/05), Градоначалникот на Град Скопје одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Градоначалник**
**Данела Арсовска**